Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 16, 16 февруари 2009 година

февруари 2009 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ*** за избор на наставник по предметот Менаџмент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент за наставно-научната област *микробиологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област *оркестрација* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање – виш лектор по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент/помлад асистент) од областа на македонскиот јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ*** за избор на наставник во сите звања на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научната област *туризам* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 36

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - асистент за групата предмети од електротехника на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за групата предмети од комуникациски вештини и медицинска етика на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 43

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници во звање помлад асистент за фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 47

**РЕФЕРАТ** за избор на предавач на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки во состав на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 51

**РЕФЕРАТ** за избор наставник  во сите наставно-научни звања на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ...................... 54

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ............................ 67

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ....................................................... 77

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент / помлад асистент) од областа на македонската книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип .............................................................................. 85

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници помлади асистенти/асистенти по групата предмети од областа на правните науки на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип .................................................... 88

**Р Е Ф Е Р А Т***
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ МЕНАЏМЕНТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, од 11.11.2008 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник по предметот Економика и менаџмент во аграрот во состав:

- доц. д-р Ристо Фотов, претседател,
- проф. д-р Илија Каров, член,
- проф. д-р Трајче Мицески, член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ од 29.10.2008 година, за избор на еден наставник по предметот Економика и менаџмент во аграрот, се пријави кандидатката д-р Еленица Софијанова.

Кандидатката ги приложи следниве документи: кратка биографија со список на трудови, потврда за одбранета докторска дисертација и стекнување звање доктор на менаџмент, уверение за државјанство и други потврди/дипломи/сертификати.

Врз основа на поднесената пријава, како и врз приложените документи, Рецензентската комисија го констатира следново.

***Биографски податоци***

**Д-р Еленица Софијанова** е родена на 19 јули 1965 година во Велес. Основно и средно образование завршува во Велес.

Во 1985 година дипломира на Педагошката академија „Св. Климент Охридски“ во Скопје, а во 1989 година дипломира на Филозофскиот факултет, група Педагогија, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во 2005 година магистрира од областа на менаџметот на човечки односи на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, а во 2007 година на истиот Институт одбранува докторска дисертација од областа на менаџментот и се стекнува со титулата *доктор на менаџмент*, за што приложува фотокопирани дипломи, со оригинална нотарска заверка.

Моментално е вработена како професор по одделенска настава во Велес.

Во текот на своето обучување се стекнува со неколку квалификации кои се наведени: обучувач за општи менаџерски вештини, обучувач за справување со организациски конфликти, надворешен консултант по СКИТОП методологијата.

Член е на Бугарската асоцијација на конфликтолози.

---
*

**Научна и стручна активност**

Научната и стручната активност на кандидатката д-р Еленица Софијанова ги опфаќа следниве научни и стручни трудови:

- *објавени книги:*

1. м-р Еленица Софијанова: *„Управување со организациските конфликти“*, Bigoss, Струга, Скопје, 2005 година;
2. м-р Еленица Софијанова: *„Неконтролирана конфликтност во организациското однесување“*, Bigoss, Струга, Скопје, 2005 година;

- *учество на конференции:*

1. Научна конференција со меѓународно учество (Scientific conference with international participacion) „Производството и менаџментот во XXI век“, Охрид, Р. Македонија, 2004 година, со трудот *„Извори на интергрупни конфликти како критични фактори за нестабилност и нефлексибилност“*;
2. Конференција – Правната држава и реформите во јавната администрација „Реформи во административната култура“, Тетово, 2005 година. Истражувачки центар за јавна администрација, ЈИЕ Универзитет;
3. III International Conference “Management and Engeneering” Federation of The Scientifik and Tehnical Unions in Bulgarija, Софија, 20-24 јуни 2005 година, со трудот *„Управување со организациските конфликти“* (Menanging organizational conflicts);
4. IV International Conference “Management and Engeneering 06”, Созопол, 19-23 јуни 2006 година, со трудот *„Менаџерските и социолошките аспекти на диверсификацијата на менаџерските стилови“* (Managerial and Sociological Aspects of the Devirsification in the Management Styles);
5. VI Меѓународна научна конференција за современи проблеми во теоријата и практиката во управувањето со претпријатијата во Варна, 2006 година, со трудот *„Менаџирање со организациското однесување“* (Mananging with organization behavior);
6. учество во напредна обука „Консултански компетенции за организациски промени“, Детра центар, Кочани, 2006 година;
7. научен труд (New Aproach of management in organization conflict situation) *„Нов приод на менаџментот во организациските конфликтни ситуации“*, Рига, Литвија, 12-13 април 2007 година;
8. VII International Conference “Managament and Engeneering 07”, Созопол, 17-24 јуни 2007 год., со трудот *„Диверсификација во менаџерските стилови“* (Diversification in the Mananging Styles);
9. XVI International Scientific and Participal Conference, Enterprise management: Diagnostics, Strategy, Effectiveness, April 10-11th, 2008 Tallin, Estonia 2008, “Managerial readiness for differences within the organization”;
10. The 5th International scientific conference Business and Management 2008, “Icentification of basic readiness for changes in approach towards organizational conflicts”.

***Професионални активности***

Во текот на нејзиното работење, кандидатката д-р Еленица Софијанова извршувала различни работни задачи.

Имено, таа била:

- организатор и лидер на тимот Еко-хепенинг, Еколошко друштво „Бреза“, Велес, 2001 година;
- тренер-едукатор, *Организациска дијагноза како прв чекор на промените,* Средно техничко училиште „Коле Неделковски“, Велес, 2003 година;
- тренер-едукатор, *Организациска дијагноза како прв чекор на промените*, Средно техничко училиште „Јовче Тесличков“, Велес, 2003 година;
- едукатор и организатор, *„Децентрализација и локалната самоуправа“*, Здружение на педагози и психолози, Врановци, Велес, 2003 година;
- тим-лидер едукатор, *Синдикална едукација за стратегии за разрешување на конфликтни ситуации*, СОНК, Скопје, 2004 година;
- предавач, *Предавање за успешни лидери низ промените*, ОУ „Благој Кирков“, Велес, 2004 година;
- тренер-едукатор, *Менаџирање со организациските конфликти и подготвување на стратегии за нивно разрешување*, АОБ, едукативни семинари, Амстердам, Ротердам, Утрехт - Холандија, 2004 година;
- тренер-едукатор, *Справување со конфликтите-стратегија „победа-победа“,* Велес, Совет на родители при УСО „Коле Неделковски“, 2004 година;
- предавач по социологија, проект: *Преоден период III*, Министерство за образование и наука, Скопје, 2005-2006 година;
- асистент, тим-лидер, проект: *Новите надлежности и можности на локалната самоуправа*, НВО, Организација, Битола, 2005 година;
- предавач: *Управување во основните и средните училишта - надлежности, права и одговорности на училишните одбори*, СЕА Национална асоцијација на училишни одбори, Струга 2006.
- тренер-едукатор и организатор, Специјален дијалог-социјално партнерство: *Водство-водач, следбеници-ситуација*, Едукативен центар - СОНК, Велес 2006 година;
- консултант и предавач, *Од идеја до трајни подобрувања* (School Improvement) *„Природа на промените“*, Детра центар, Скопје, Велес, 2006 година;
- предавач по социологија, проект: *Преоден период III*, Завршен семинар, Министерство за образование и наука, Струга, 2006 година;
- предавач, *Управување со организациските конфликти*, Машински факултет, Скопје, 2006 година;
- предавач, *Разбирање на човековите права*, ЈЕИ Универзитет, Тетово, 2006 година;
- предавач, *Управување со организациските конфликти*, Машински факултет, Скопје, 2006 година;
- предавач, проект: *Еднакви можности за децата Роми*, Институт отворено општество, Велес, 2006-2007 година;
- обучувач, проект: *Модернизација во образованието*, *„Развивање и менаџирање на поддржувачка и ефективна комуникација“*, Министерство за образование и наука, Велес, 2008 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Имајќи го предвид научноистражувачкиот и стручниот опус на кандидатката д-р Еленица Софијанова, Комисијата смета дека истата има постигнато забележителни резултати во своето научноистражувачко и работно искуство.

Досегашното работно искуство на д-р Еленица Софијанова опфаќа конкретен ангажман во процесите на менаџирање во сите фази, почнувајќи од планирање, донесување одлуки, практична примена и контрола врз спроведувањето, што дава можност за успешно изведување на наставата на наведената група предмети од областа на менаџментот и економијата.

Врз основа на досегашните научни и стручни потенцијали презентирани во нејзината докторска дисертација, објавените трудови од сферата на менаџментот и стратешкиот менаџмент, Рецензентската комисија му дава предлог до Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип **да ја избере д-р Еленица Софијанова** за **наставник на Земјоделскиот факултет** при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, по **предметот Менаџмент и економика во аграрот**, во звање **доцент**.

**Рецензентска комисија**

**Доц. д-р Ристо Фотов, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Трајче Мицески, член, с.р.**

**Проф. д-р Илија Каров, член, с.р.**